( Образец ПП……)

[redacted]

До Министерство за финансии
(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА [redacted] НА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: E Pranuar: | 04 -11- 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësia organizative | Број Numer | Прилог Shtojca | Вредност Vlerë |
| 03 | -7429/1 | | |

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, 42/14, бр.148/15 и бр. 55/16) , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
**податоци за потрошувачки кредити на финансиските друштва за првото, второто и третото тромесечје на 2020 година кои се во рамките на извештаите кои финансиските друштва се обврзани да ги доставуваат до Министертвото за Финансии и тоа следните податоци:**

- **Вкупен број и вкупна вредност на активни договори**
- **Број и вредност на склучени договори, вкупно и посебно по правни и физички лица**
- **Број и вредност на склучени договори за потрошувачки кредит.**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

[illegible] Sherja arkivit: ________
Ро[illegible] Afati i ruajtjes: ________
________ 20 ___ год./viti
Потпис/Nënshkrim

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил

[redacted]

и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје

Датум 04.11.-2020 година

Здружение-Асоцијација за истражување и унапредување на пазарот на небанкарски потрошувачки кредити
АФД
2019
Скопје

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

**- Сектор за правни работи -**

Архивски број: 03-7429/3
Датум: 23 -11- 2020

АФД

Предмет: Доставување на одговор по барање
Врска: Ваш број 0306-23 од 02.11.2020 година

Почитувани,

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Министерството за финансии, заведено под наш бр. 03-7429/1 од 04.11.2020 година, со кое барате пристап до информацијата „Податоци за потрошувачки кредити на финансиските друштва за првото, второто и третото тромесечје на 2020 година кои се во рамките на извештаите кои финансиските друштва се обврзани да ги доставуваат до Министерството за финансии и тоа следните податоци: - Вкупен број и вкупна вредност на активни договори, - Број и вредност на склучени договори, вкупно и посебно по правни и физички лица, - Број и вредност на склучени договори за потрошувачки кредит“, ве известуваме за следното:

1. Со состојба на 30.06.2020 година вкупниот број на активни договори е 102.741 договори и истите се со вкупна вредност од 4.511 милиони денари и

2. Број и вредност на склучени договори во период од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година:
   - Физички лица: 69.507 договори со вкупна вредност од 1.680 милиони денари;
   - Правни лица: 499 договори со вкупна вредност од 927 милиони денари.

Горенаведените податоци се изготвени врз основа на полугодишните извештаи за финансиските активности кои финансиските друштва согласно со Законот за финансиските друштва се обврзани да ги достават до Министерството за финансии.

Воедно, ве известуваме дека Министерството за финансии не располага со податоци за бројот и вредноста на склучените договори за потрошувачки кредити од причина што финансиските друштва немаат законска обврска да доставуваат податоци за одобрените потрошувачки кредити. Дополнително, финансиските друштва немаат законска обврска да доставуваат квартални извештаи, поради што Министерството за финансии не располага со податоци одделно по квартали.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на сектор
Татјана Васева

Изработил: Лилијана Стојановска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 - 624
www.finance.gov.mk